

**Роглевската тврдина** се наоѓа на месноста **Кука**на 250 м висок рид (470 м н.м.). 1 км северно од селото Рогле, Тетово, што од југ ја наткрилува теснината на рекичката Фуш. Низ теснината се пробива магистралниот пат Скопје — Полог — Охрид (античкиот пат Скупи — Лихнид). Од ридот се контролира овој пат многу километри на запад и исток и во теснината може лесно да се блокира
.

Пред источното лице на кастелот се протега гранична камена преграда, наречена денес „**Марков Ѕид**”. Долга е повеќе километри — до Бојане и до падините на Жеден на север и до Раович и масивот на Сува Гора на југ. Преградата (клаустра) е свртена со лицето на исток, кон Скопското Поле и се совпаѓа со граничната линија меѓу провинциите Дарданија и Превалитана. Задачата и била да ги блокира сите споредни гранични премини на тој простор.

На врвот од Кука во доцноантичко време бил подигнат кастел со големина од 120 х 90 м (0,7 ха). Обѕидието е градено во цврст малтерен слог, со три кули на аглите. Во средината доминира голема базилика со мозаичен под (5.—6. век). Најдени се монети од доцниот 4., 5. и 6. век, потоа печки за топење на бакар и боење на стаклени мозаични тесели со хромни оксиди.

Меѓу површинските наоди регистриравме и неколку средновековни предмети: византиски монети — бакарни скифати од 12.—13. век; тока за ремен, дел од бронзен

крст — енколпион и прстен (10.—12. век); железни врвови за стрели за пробивање оклоп.

Очигледно е дека оваа стратешки многу значајна крепост била користена низ целото средновековие, демнејќи го магистралниот пат од Скопје кон Полозите и граничните премини кон српските земји на северозапад како и кон Охрид на југозапад.

**Извор:**

Коцо, Димче (1996). *Археолошка карта на Република Македонија*. Скопје: МАНУ. ISBN 9789989101069

*Нови наоди од доцноантичките крајпатни кастели на кај Рогле, Свиларе, Сопот (ad Cephalon) и Фариш, Историја 88-89/XXIV-XXV/ Бр. 1-4, Скопје 1991, 145-154, Т. V-XII (резиме: New Findings of Late Antique Fortresses at Rogle, G. Svilare, Sopot (ad Cephalon) and Fariš, 154)*